РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-613/7
26-07-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-мата седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-613/1 од 06.02.2024 година, оформен по пријава проследена од страна на ///, во која се изнесени наводи за злоупотреба на службената положба од страна на службеното лице ///, вработен во ЈУ /// како ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган односно веќе постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-613/1 од 06.02.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 06.02.2024 година, проследена е пријава во која се изнесени наводи за злоупотреба на службената положба од страна на службеното лице ///, вработен во ЈУ /// како ///, и оформен е предмет број 12-613/1 од 06.02.2024 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за уништување на шума, фалсификување на службена документација и противправно стекнување имотна

корист од страна на пријавеното лице, за што во пријавата е наведено дека против пријавеното лице биле поднесени неколку кривични пријави за злоупотреба на службената положба, кои од страна на правосудните органи наводно не биле испроцесирани.

Меѓу другото, во пријавата е наведено дека поради извршено влијание од страна на службеното лице ///, во ЈУ /// бил вработен неговиот син, и покрај тоа што немал соодветно образование.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до Државниот инспекторат за труд и до Основното јавно обвинителство ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени од страна на Државниот инспекторат за труд и од страна на Основното јавно обвинителство /// на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

Државниот инспекторат за труд во 2022 година, постапувајќи по претставка поднесена од повеќе кандидати во постапка по јавен оглас за вработување на /// во ЈУ ///, има извршено инспекциски надзор над постапката по огласот со број ///, при што има составено Записник бр./// од /// година, којшто го достави до ДКСК. Видно од содржината на доставениот Записник, при инспекцискиот надзор не биле констатирани неправилности. При извршениот надзор не било утврдено вршење на влијание, а службеното лице /// немало непосредно учество во носењето на одлуките за избор на кандидатите по огласот.

Врз основа на кривична пријава од СВР /// против лицето ///, Основното јавно обвинителство /// оформило кривичен предмет за сторено кривично дело „Фалсификување или уништување на деловни книги“ од член 280 од Кривичниот законик и за други кривични дела. Во рамки на предметот се преземени истражни дејствија, по чие завршување ќе се пристапи кон донесување на јавнообвинителска одлука.

Од гореналеденото, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган – ОЈО ///, кое оформило предмет против лицето ///, во кој постапувањето е во тек, односно

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

веќе постапил друг надлежен орган - Државниот инспекторат за труд, којшто не утврдил неправилности во постапката за вработување на неговиот син, ниту непосредно учество на пријавениот во донесувањето на одлуката за избор на кандидатот.
Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk